# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ-ДОКТОРАНД ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДЕНТАЛНАТА ПАТОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, на својата редовна 138. седница, одржана на 24.4.2015 година, донесе Одлука бр. 2002-105/21 и Решение 2002-105/58, 59, 60 за формирање на Рецензентска комисија за избор на асистент-докторанд за научната област дентална патологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во следниов состав:

- проф. д-р Ивона Ковачевска (претседател), вонреден професор, област дентална патологија;
- проф. д-р Лидија Поповска (член), вонреден професор, област дентална патологија;
- проф. д-р Ана Миновска (член), редовен професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип од областа пародонтологија.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Нова Македонија“, „Утрински весник“ и „Коха“ на 14.3.2015 година и во предвидениот рок на него се пријави помлад асистент д-р Наташа Денкова, вработена на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, ни претставува задоволство и чест на Наставно - научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип да го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***I. Библиографски податоци за помлад асистент д-р Наташа Денкова***

Кандидатката **помлад асистент д-р Наташа Денкова** е родена на 1 јули 1988 година во Штип, каде што завршува основно и средно медицинско образование (насока Медицинска сестра), со континуиран одличен успех 5,00. На Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје се запишува во учебната 2006/2007 година. Во јуни 2011 година ги завршува студиите со среден успех 8,93 и се стекнува со звањето дипломиран доктор по стоматологија. Истата година, во септември, се запишува на постдипломски - магистерски студии на Стоматолошкиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”. Паралелно го реализира едногодишниот стаж, па со полагање на стручниот испит на 17 јули 2012 година се стекнува и со работна лиценца издадена од Стоматолошката комора на Македонија.

Со одбрана на магистерскиот труд во јули 2012 година, под наслов ***„Компаративна студија за поврзаноста на социо-економскиот статус, навиките за орална хигиена и денталниот морбидитет кај децата на 15-годишна возраст во Штип”*** се стекнува со звањето магистер по стоматолошки науки.

Како доктор по општа стоматологија волонтира во ПЗУ „Д-р Мери Денкова“ во Штип до декември 2012 година, кога д-р Наташа Денкова се вработува како помлад асистент на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, на студиската програма Стоматологијата и стручни забни техничари – протетичари.

Во 2013 година се запишува на трет циклус - докторски студии на Стоматолошкиот факултет во Скопје од областа на превентивно-реставрациона стоматологија и ортодонција, под менторство на проф. д-р Снежана Иљовска.

Од април 2014 година се запишува на специјализација по специјалноста ендодонција и реставративна стоматологија на Универзитетот „Гоце Делчев’’ во Штип под менторство на проф. д-р Ивона Ковачевска.

Активно се служи со англискиот јазик.

***II. Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звањето асистент-докторанд (чл. 125-а од ЗВО и чл. 21 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на УГД)***

1. Завршен втор циклус студии од соодветното научно подрачје – кандидатката помлад асистент д-р Наташа Денкова има завршено ***петгодишни студии*** *на Стоматолошкиот факултет (еквивалент на* ***300 ЕКТС****).* ***Студент е на трет циклус студии и на специјализација е од областа на дентална патологија.***
2. Остварен просечен успех од најмалку 8,50 на студиите на прв и втор циклус студии, за секој циклус посебно ***кандидатката има просек од прв циклус студии 8,93 и од втор циклус 9.71.***
3. Познавање од англиски јазик кое се докажува со меѓународно признаена потврда и тоа – TOEFEL - најмалку 74 бода за електронско полагање преку компјутер не постар од две години од денот на издавањето, IELTS - најмалку 6 бода не постар од две години од денот на издавањето, TOLES - базично познавање (Foundationlevel), ILEC - положен со успех најмалку Б2 (B2) и Кембриџ сертификат за прелиминарен англиски (Cambridge Cerficateof Preliminary English - B1) – кандидатката д-р Наташа Денкова има поднесено валиден ***меѓународен Кембриџ сертификат за прелиминарен англиски јазик, напредно ниво Б1.***
4. Покажува способност за наставно-научна дејност и педагошка работа – кандидатката помлад асистент д-р Наташа Денкова има приложено **две препораки** од професори за соодветната научна област за која се врши изборот.
5. Има објавено научен труд/статија во домашни или меѓународни списанија: *Денкова Наташа:* ***Исхраната како фактор за убава насмевка,*** Medicus, Информативен гласник на јавното здравство, Штип, број 22:32 2015.

***III. Наставно-образовна и научноистражувачка дејност (НО + НИ)***

Како помлад асистент, д-р Наташа Денкова уште со вработувањето на Факултетот за медицински науки е активно вклучена во едукативниот процес, во изведувањето на вежбите за поголем дел од стручните предмети од областа на стоматологија, односно дентална патологија.

Во текот на секојдневните активности како помлад асистент, кандидатката д-р Наташа Денкова поседува висок степен на теоретска и стручна подготвеност, евидентен педагошки приод во презентирањето на наставните содржини, на симплифициран и јасен начин пренесувајќи ги несебично методските единици од програмата на вежбите по стручните предмети на студиските програми Стоматологија и Стручни студии за забни техничари – протетичари. Почнувајќи од учебната 2012/2013 година, 2013/2014 и 2014/2015 год., директно ја реализира практичната настава по следниве предмети:

- Клиничка кариологија 1;
- Клиничка кариологија 2;
- Клиничка ендодонција 1;
- Клиничка ендодонција 2;
- Претклиничка кариологија;
- Претклиничка ендодонција;
- Дентална терапија.

Како ментор на студентска тема со наслов „*Присуство на функционални промени на забите во релација со консумирањето на безалкохолни пијалаци*" помлад асистент д-р Наташа Денкова зема активно учество на 21. Научен конгрес на студентите по стоматологија со меѓународно учество во Охрид, 2014 година, во организација на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Исто така, како млад истражувач е вклучена во научноистражувачкиот проект под наслов „*Анализа и процена на каналната оптурација во зависност од техниката на гутаперка апликација*" под водство на проф. д-р Ивона Ковачевска, финансиран од Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

**Објавени научни и стручни трудови** (учество на конгреси, конференции и семинари од областа на денталната патологија, кратка научна евалуација, со посебен осврт на научните квалитети на истиот):

1. **Denkova Natasha**, Popovska Mira, Nashkova Sanja, Pavlevska Meri, Veninov Filip Oral hygiene and dental morbidity at 15 year In: BASS 2013, Skopje, Macedonia.

Авторите во оваа студија ја детерминираат корелацијата помеѓу оралното здравје и навиките за одржување на оралната хигиена, кај децата на 15-годишна возраст во Штип. Притоа е констатирана статистичка разлика $p<0.05$ на вредностите за одржување на оралната хигиена помеѓу испитаниците од експерименталните групи. Оралното здравје на училишните деца претставува многу битна вредност во современиот свет. Нивото на развојот на науката и технологијата овозможува да се направи исчекор понапред доколку секој поединец и популацијата во целина ја преземат одговорноста и активно се вклучат во заштита и унапредување на вкупното здравје на луѓето.

***Трудот има стручна и апликативна важност.***

2. **Denkova Natasha,** Iljovska S., Pavlevska M., Alimani Jakupi J., Majstorceva M. Socio-economic status and habits of maintaining oral hygiene. In: 18th Congress of the Balkan Stomatological Society BASS 2013, Skopje, Macedonia.

Во оваа студија авторите ја истражуваат комплексната интеракција на предиспонирачките фактори од социјалната средина како социјално економскиот статус, здравственото воспитување, средината на живеење врз преваленцијата на денталниот кариес. Притоа дошле до сознание дека овие фактори значајно не влијаат на појавата на денталниот кариес, при што анкетата на родителите укажува дека не е констатирана статистички значајна разлика за $p > 0.05$ во однос на занимањето на таткото, помеѓу испитаниците од експерименталните групи.

***Трудот има стручна и апликативна важност.***

3. **Denkova Natasha**, Nashkova S., Majstorceva M., Veninov F. Connection of educational level of parents and habits of visiting the dentist at 15 year old children. In: 19th Congress of the Balkan Stomatological Society (BaSS), 24-27 Apr 2014, Belgrade, Serbia.

Авторите во оваа студија ја детерминирале корелацијата помеѓу едукацијата на родителите и навиките за посета на стоматолог кај децата на 15-годишна возраст од рурални и урбани средини. Статистичката анализа на вредностите преку $X^2$ тестот покажала високозначајна разлика во однос на нивото на образование на родителите за $p<0.01$ кај испитаниците помеѓу експерименталните групи. Исто така, детерминирале статистички значајна разлика за $p<0.05$ за посета на стоматолог помеѓу експерименталните групи. Најважниот сегмент од ова истражување кој треба да се респектира и промовира е дека семејството претставува примарна средина во која се овозможува физичко, ментално и социјално формирање на секоја личност.

***Трудот има стручна и апликативна важност.***

4. **Denkova Natasha**, IljovskaS., Nashkova S., Majstorceva M. Dental and oral health at respondents of 12 years from Stip and environment. In: 19th Congress of the Balkan Stomatological Society (BaSS), 24-27 Apr 2014, Belgrade, Serbia.

Преку процена на факторите: индекс на орална хигиена ОХИ, пуферскиот капацитет на плунката (Ph) во релација со кариес преваленцата, авторите дошле до сознание за реалната слика на денталното здравје и .ризик-факторите на испитуваната територијата, со што се добиваат перспективни можности за имплементација на соодветни мерки.

***Трудот има стручна и апликативна важност.***

5. **Денкова Наташа**, Јордановски Д., Гогушовска М. Присуство на функционални промени на забите во релација со консумирањето на безалкохолни пијалаци. 21.Меѓународен научен студентски конгрес, 9-11 мај 2014, Охрид, Македонија.

Целта на овој труд е да се утврди дали функционалните промени на забите, со посебен осврт кон ерозиите се поврзани со консумацијата на безалкохолните пијалаци. Преку

клинички преглед и нотирани функционалните промени, во релација со соодветен анкетен прашалник за консумирањето и хигиено-диететскиот режим на испитаниците, авторите заклучиле дека се почестата консумација на безалкохолни пијалаци има влијание врз појавата на функционалните промени на тврдите забни ткива, но во етиолошките параметри се вклучени и други фактори како возраст, пол, навики за четкање на забите и слично.

***Трудот има стручна важност.***

6. **Денкова Наташа:** Исхраната како фактор за убава насмевка Medicus, Информативен гласник на јавното здравство, Штип, број 22, 2015

Консумирањето на здрава и разновидна храна во текот на животот во многу влијае врз квалитетот на забниот орган, како и оралното здравје воопшто. Без разлика на значајниот напредок во стоматолошките дисциплини и оралната нега, зачестеноста на забниот кариес не се намалува, посебно во земјите во развој кои поминуваат низ таканаречена прехранбена транзиција. Имено, усвојувањето на „модерниот'' начин на исхрана подразбира значајно внесување на јаглехидрати, што се поврзува со зголемување на зачестеноста на кариесот, посебно во детската популација.

***Трудот има стручна и апликативна важност.***

***Учество на конгреси од други научни области:***

7. Nashkova Sanja, Iljovska Snezana, Pavlevska Meri, **Denkova Natasha**, Veninov Teodor Dental and oral health of 12 years old children - urban areas in Stip. BASS 2013, Skopje, Macedonia.

Во овој труд авторите даваат резултати за состојбата на денталното и орално здравје кај 12-годишни деца. Притоа со анализа на новите публикации за распространетоста на кариесот во детската популација е констатирано дека во земјите од источна и централна Европа кариесот и понатаму претставува голем здравствен проблем. Врз основа на досегашните испитувања се покажува дека повеќе различни фактори може да влијаат истовремено на исто заболување, како и еден ризичен фактор може истовремено да влијае на повеќе заболувања.

***Трудот има стручна важност.***

8. Petrovski Mihajlo, **Denkova Natasha** Пародонтологијата низ вековите.IV Македонски конгрес за Историја на медицината со меѓународно учество, 18-19 Apr 2013, Skopje, Macedonia.

Авторите во оваа студија направиле ретроспектива на историскиот развиток на пародонтологијата. Бројни студии од праисторијата за стоматолошките ткива и заболувања се пронајдени во археолошките наоѓалишта и укажуваат на хронични пародонтални болести. Народите од стариот век ги дале првите описи на пародонталните болести, тераписките, како и можностите за одржување на оралната хигиена. Развојот на пародонтологијата на почетокот на новиот милениум е насочен кон конвергирање на податоците добиени од минатото, кои денес може да се искористат со цел едноставна дијагноза, брз тераписки ефект и соодветна превенција на губитокот на забите.

***Трудот има стручна важност.***

***Трудови/статии во домашни или меѓународни списанија, публикации, годишници и зборници (од област на дентална патологија)***

**Денкова Наташа:** Исхраната како фактор за убава насмевка, Medicus, Информативен гласник на јавното здравство, Штип, број 22:32 2015.

***Трудот има стручна и апликативна важност.***

***IV. Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност (СА + ОР)***

***Учество на научни конференции, стручни расправи, симпозиуми, собири, промоции и трибини:***

– Научно - стручен собир, Факултет за медицински науки, 21.12.2012, Штип.
– IV Македонски конгрес за историја на медицината со меѓународно учество, 18-19 Apr 2013, Skopje, Macedonia.

- 18th Congress of the Balkan Stomatological Society (BaSS), Skopje, 25-28 Apr 2013
- 19th Congress of the Balkan Stomatological Society, BaSS, Belgrade, Serbia, 24-27 Apr 2014.
- 21. Меѓународен научен студентски конгрес по стоматологија, Охрид, 9-11 мај 2014.

***Д-р Наташа Денкова присуствувала и на следниве меѓународни симпозиуми и конгреси:***

- Современа стоматолошка пракса – Стоматолошко здружение на Македонија, Велес, 2013.
- Медицина и стоматологија базирана на докази – Универзитет „Гоце Делчев“, Факултет за медицински науки, Штип, 2014.
- Грешки во секојдневната стоматолошка практика - Стоматолошко здружение на Македонија, Куманово, 2014.
- Механички и биолошки аспекти на ендодонтската терапија – Здружение на специјалисти по болести на забите и ендодонтот, Скопје, 2014.

***Членство во организации, работни тела и комисии:***

- 2014 – Комисија за проверка на студентски досиеја.
- 2014 - Член на Конкурсна комисија за упис на студенти на прв циклус студии на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
- 2014 – Учесник во организациониот одбор за научниот симпозиум „Ризични пациенти, ризични состојби во стоматологијата”, УГД – ФМН, Штип.
- Стоматолошка комора на Македонија.
- Македонско стоматолошко друштво.

***VI. Други достигнувања***

***Странски јазици***: група јужнословенски јазици (српски, хрватски и бугарски); англиски јазик (активно).

***Компјутерски вештини***: работа со Microsoft Office (MS Word, PowerPoint, Excel Publisher, Corel DRAW, Paint).

***Останати компетенции***: возачка дозвола – Б категорија; тимска работа, желба за учење, научно истражување, флексибилност, адаптибилност, аналитичност итн.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за единствени критериуми за избор во наставни, наставно - научни, наставно - стручни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и според приложената документација, кандидатката помлад асистент д-р Наташа Денкова ги исполнува формалните и суштинските критериуми за избор во наставно - научното звање асистент - докторанд.

Следејќи го професионално - еволутивниот подем на д-р Наташа Денкова, од нејзиното вработување и изборот во помлад асистент на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип па сè до денес, евидентно се забележува голема, позитивна, активност во делот на наставно - образовната (НО), научноистражувачката (НИ) и стручно-уметничката (СУ) сфера. Респектирајќи ги нејзините стручно - апликативни и организациско - развојни (САОР) способности слободно може да се констатира дека со потребниот квантум може да биде избрана во соработничко звање асистент-докторанд.

Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно - научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатката ***д-р Наташа Денкова да биде избрана за асистент – докторанд за научната област дентална патологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.***

**РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Ивона Ковачевска, с.р.**
**Проф. д-р Лидија Поповска, с.р.**
**Проф. д-р Ана Миновска, с.р.**

### ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ

Табела за вреднување на активностите на ***помлад асистент д-р Наташа Денкова*** при избор во звање асистент - докторанд научна област дентална патологија, според единствените критериуми за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за периодот *2012 -2015 година*.

| Ред. бр. | Наставно-образовна дејност (НО) | Поени |
|---|---|---|
| | **Избран во звање помлад асистент** | **10** |
| | Вкупно | **10** |

| Ред. бр. | *Научноистражувачка дејност и стручно -уметнички активности (НИ)* | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | Број | Поени | Број | Поени | Вкупно |
| 9. | Учество на научен собир со реферат (постер/усно) во земјава и во странство<br>**Постер:**<br>(во странство 1, 2, 3, 4, 5, 7)<br>**Усно**<br>(8) | **1** | **1.5** | **6** | **1,5** | **10.5** |
| 11. | **Одбранета магистерска тема**<br>„Компаративна студија за поврзаноста на социо-економскиот статус, навиките за орална хигиена и денталниот морбидитет кај децата на 15-годишна возраст во Штип“ | **1** | **4** | | | **4** |
| 19. | **Член на организационен или научен одбор на научен собир**<br>**(Научен симпозиум:** „Медицина и стоматологија базирана на докази”, ФМН, УГД) | **1** | **1** | | | **1** |
| | **Вкупно** | | | | | **15.5** |

| Ред. бр. | *Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност (САОР)* | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | Број | Поени | Број | Поени | Вкупно |
| 5. | **Труд во стручно (научно-популарно) списание**<br>во земјава: 6 | **1** | **2** | | | **2** |
| 13. | **Учесник во научен проект (максимум во три проекти)**<br>2014 – „Анализа и процена на каналната оптурација во зависност од техниката на гутаперка апликација” | **1** | **5** | | | **5** |
| 28. | **Член на факултетски орган, комисија**<br>2014-15; - член на Конкурсна комисија за упис на студенти на прв циклус студии на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип<br>-2014 – Комисија за проверка на студентски досиеја | **2** | **2** | | | **4** |
| | **Вкупно** | | | | | **11** |
| | **Вкупно бодови од сите области** | | | | | **36.5** |